ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

Предлог одлука

Врз основа на член 384 став 5 од Законот за трговски друштва, член 30 од Законот за супервизија на осигурување, и член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот бр.0201-4027/8-1 од 28.04.2017 година на **Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп** (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 8 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2017 година бр.02-2535/3-1 од 22.03.2018 година, акционерите на Друштвото на **Годишното собрание за деловната 2017 година** одржано на ден **27.04.2018 година,** ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за работата на Управниот одбор и одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на Друштвото**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Управниот одбор на Друштвото за деловната 2017 година, кој е составен дел на оваа Одлука.

2. Собранието на Друштвото ја одобрува работата на:
   - **Г-дин Бошко Андов, како Петседател на Управниот одбор;**
   - **Г-дин Ристо Секуловски, како член на Управниот одбор;**
   - **Г-ѓа Весна Ѓорчева, ако член на Управниот одбор.**

3. За одоборување на работата на членовите на Управниот одбор, акционерите гласаа поединечно за секој член на органот.

4. Оваа Одлука ќе се објави на официјаланата интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

5. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

_______________________________

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk